РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08 -1890/1
04 -05- 2026

Врз основа на член 22 и чл.23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата на 31-ва седница одржана на ден 22.04.2026 година донесе

***Одлука***

Постапката по предметот со број 08-2073/1 од 14.03.2022 година, **СЕ ЗАПИРА.**

Предметот со број 08-2073/1 од 14.03.2022 година да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на Државната комисија за спречување на корупцијата, во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

*О б р а з л о ж е н и е*

Предметот со број 08-2073/1 од 14.03.2022 година е оформен по сопствена иницијатива. По спроведена проверка од страна на Одделението за спречување на судир на интереси и лобирање утврдено е дека лицето ---------------- нема поднесено анкетен лист за престанок и за избор на функцијата вд директор на --------------------. На колегиум одржан на ден 07.02.2022 година, ДКСК заклучи да се отвори предмет и во Одделението за следење на имотна состојба и интереси со цел да се изврши проверка во евиденцијата и да се утврди дали се исполнети законските услови за спроведување на постапка за порамнување согласно член 114 став 3 од ЗСКСИ против лицата наведени во пријавата, поради прекршување на одредби од ЗСКСИ.

Согласно со чл.41 став 1 и 4 од Законот за прекршоците ( „Службен весник на РСМ“ бр. 96/2019 и 253/2023, Прекршочната постапка не може да се поведе ниту да се води ако поминат две години од денот кога е сторен прекршокот. Застарувањето на прекршочното гонење започнува од денот кога е сторен прекршокот.

Во конкретниот случај, разрешувањето односно именувањето на лицето --------------------- за вд директор на --------------------------- на ден 23.07.2021 година и согласно со чл.82 ст 1 и ст3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, истиот имал обврска најдоцна во рок од 30 дена од денот на разрешување односно именување, односно до 23.08.2021 година, да поднесе анкетни листови до Државната комисија за спречување на корупцијата. Имајќи предвид дека се изминати повеќе од две години од денот кога е сторен прекршокот, а прекршочна постапка против сторителот на прекршокот не е поведена, настапила застареност на прекршочното гонење, поради што прекршочна постапка не може да се поведе ниту да се води..

Од наведените причини, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Претседател

Адем Чучуљ

**Изготвил:** м-р Б.С., советник
**Контролирал:** м-р Н.Т-М, раководител на одделение
**Согласен:** К.З, раководител на сектор
Одобрил/Miratoi: В.ХН.. -член/anëtar

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk